Macedonian – Tinea (Ringworm & Athlete's Foot)

Инфекции - габични



# Тинеа
# (косопас и атлетско стапало)

## Важни работи

### Косопас

- Може да се пренесе од дете на дете или од животно галениче на дете
- Може да се лекува со кремови и апчиња против габични заболувања

### Атлетско стапало

- Исушете ги добро стапалата по капењето
- Избегнувајте стапалата да бидат постојано жешки и влажни
- Минувајте помалку време носејќи патики
- Менувајте ги испотените чорапи и обувки откако сте се занимавале со спорт
- Носете памучни или волнени чорапи
- Носете сандали или обувки што не ги загреваат и не ги потат стапалата

## Што е тоа?

Тинеата е честа инфекција на кожата која настанува поради габичка. Тинеата на кожата на главата под косата и на телото се нарекува косопас, а тинеата на стапалата се нарекува атлетско стапало. Многу ретко се среќава кај деца помлади од две години.

## Каде се јавува?

На кожата на главата под косата, тинеата се јавува во вид на мали површини од кои опаѓа косата, а кожата малку се лупи. На телото може да личи на прстенест црв, со чисто средиште опкружено со црвен и првутлив прстен. На темната кожа може попрво да има модра или кафена боја отколку црвена. На стапалата може да предизвика јадеж и пукање на кожата меѓу прстите, или пак само мало црвено или кафеаво обојување и првутење на табанот. Кога тинеата се појавува во ноктите, може да има промени во ноктот со жолта или бела боја, поткревање на врвот на ноктот и создавање на краста под него.

## Што ја предизвикува?

Тинеата е инфекција што ја предизвикува габичка. Габичката може да се пренесе од едно дете на друго, особено оној вид што го предизвикува класичниот косопас на телото или на кожата на главата. Постојат разни габички што предизвикуваат тинеа на стапалата. Тие се често присутни во и околу кадите за туширање, базените за пливање и други заеднички простории за капење. Вашите деца може да се заразат

од тинеа по нозете дома, од родителите или од постарите браќа и сестри што имаат тинеа. Обувките како што се патиките доведуваат до тоа стапалата да се загреваат и да се потат, а со тоа се зголемува опасноста да се појави тинеа. Тинеата во ноктите на ножните прсти е придружна појава на тинеата на стапалата.

## Како се спречува и како се лекува?

### Косопас

Тинеата на кожата на главата и на телото се лекува со антибиотици против габички што ги препишува лекар. Исто така може да се користат и кремови против габички што се купуваат во аптека. Ако вашето дете има косопас, домашните галеничиња како што се мачињата и кутрињата треба да ги прегледа ветеринар.

### Атлетско стапало

Тинеата на стапалата обично се подобрува со употребата на кремови или лосиони против габички, што може да се добијат во аптеките. Внимателното сушење на кожата на стапалата и меѓу ножните прсти по капењето или пливањето може да ја спречи појавата на ваква инфекција. Намалете го времето што го минувате обуени во патики. Чорапите што ја впиваат влагата и што се изработени од волна или од памук се најдобри за да се намалат топлината и потењето, кои ја зголемуваат опасноста од инфекција на стапалата со тинеа. Тинеата на ноктите бара лекување со специјални апчиња против габички што ги препишува лекар.

## Натамошни информации

Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent's Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.